НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Во акта-Арх знак: 0201
Срок на чување: [illegible]
12.11.2014 год. Потпис
Скопје

СРМ-СД-ЗП-01

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

**Визија на Собранието на Република Македонија:** законодавен дом во функција на граѓаните на Република Македонија, вреднуван согласно практиките и стандардите на Европската Унија.

**Мисија на Собранието на Република Македонија:** функционален и модерен систем во согласност со стандардите на Европската Унија, систем кој ќе обезбеди висок квалитет во остварувањето на надлежностите на Собранието и ќе придонесе во политичкиот, економскиот и општествениот развој.

Својата визија и мисија, Собранието ги остварува со постојано зајакнување на капацитетите, преку квалитетно и транспарентно работење, одговорност при извршувањето на работните должности, како и со имплементирање на меѓународните стандарди во нашето работење.

Со исполнувањето на стандардите и применувањето на ИСО 9001:2008 во работењето на Собранието ќе се создадат услови за подобрување на контролата на процесите, раководењето на човечките ресурси, како и за континуирано зајакнување на капацитетите на Собранието за извршувањето на неговите надлежности.

Во оваа насока, во Собранието се воспоставува ефективен систем за управување со квалитет, ориентиран кон:

- професионално, непристрасно, навремено и економично извршување на работните должности;
- човечките ресурси, со постојано унапредување на вработените преку обуки и работилници и преку објективно оценување на нивните знаења, вештини, способности и искуства;
- стручност, преку вработување и ангажирање на стручни, искусни и одговорни лица, кои совесно ги извршуваат работните должности согласно Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието, Законот за Собранието на Република Македонија и други акти од значење за работата во Собранието;
- постигнување заеднички вредности преку воспоставување и одржување на високопрофесионални односи со вработените, судската и извршната власт, меѓународни институции и организации.

Истовремено, во Собранието се воспоставува ефективен систем за управување со квалитет, ориентиран кон:

- транспарентност во неговото работење, преку веб локација: http://www.sobranie.mk и преку Собранискиот канал на Македонската Радио Телевизија, што овозможува навремено и точно информирање на јавноста и

- целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард за управување со квалитет ИСО 9001:2008 и обезбедување на континуирано подобрување на системот за управување со квалитет.

02-1408/37
Скопје, 29.10. 2014

Генерален секретар на Собранието
на Република Македонија

Жарко Денковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ